# Проценка на потребите за утврдување на приоритетите за обука на наставниците по физичко и здравствено образование кои работат во инклузивни училишта во рамките на седум нации

**Подготвено од страна на Масарик Универзитетот во соработка со партнерите на „Perfect“ проектот**

**Јули 2023**

**Вовед**

Главните цели на проектот „Perfect“ кој е поддржан од страна на Еразмус + програмата се:

-  Идентификување на недостатоците и мапирање на актуелните добри практики поврзани со физичкото образование на учениците со аутизам во основните училишта.
-  Развивање на модел на комбинирана обука за наставниците по физичко образование, со која се овозможува:
    - Развој на вештини кај наставниците за ефикасна поддршка на инклузијата на учениците со аутизам и ефикасно регулирање на однесувањето на учениците.
    - Пилот-тестирање на развиените материјали и програмата за обука на наставниците по физичко и здравствено образование во седумте партнерски земји.
        - Ова вклучува проценка на нивната соодветност, ефикасност и влијание.
    - Споделување на програмата, алатките и материјалите со учесниците и давање на препораки до националните креатори на политики низ партнерските земји.

Крајната цел на овој проект е задоволување на потребите на инклузивните наставници по физичко и здравствено образование за работа со учениците со аутизам, во седумте партнерски држави, преку создавање на следниве резултати:

- Проценка на потребите: Да се утврди што треба да знаат инклузивните едукатори по физичко и здравствено образование во секоја земја.
- Едукативен пакет
    - Книга го алатки
    - Водич за планирање на часовите
    - Алатка за проценка
    - Збирка на цели за наставата
- Платформа за е-учење: каде што ќе биде поставен целокупниот едукативен материјал.

- Обука на повеќе нивоа: во насока на давање на инструкции за користење на образовниот пакет за е-учење.
- Дисеминација на проектот и материјалите: Во обид да се допре до пошироката публика низ сите земји учеснички, проектот и материјалите ќе бидат распространети преку социјалните медиуми, локалните конференции и сродните публикации.

## Истражување на потребите

Со цел соодветно да се развиваат крајните резултати-продуктите од PERfect проектот, седумте земји-партнери работеа заедно на развојот на истражувањето, дистрибуирање на прашалниците а подоцна и на анализа на резултатите од истражувањето со цел проценка на потребите за обука на инклузивните наставници по физичко образование на децата со аутизам. Беа преземени бројни систематски чекори, вклучувајќи:

1. Преглед на постоечките рецензирани објавени истражувања за инклузивно физичко образование за деца со аутизам во седумте европски земји: РС Македонија, Кипар, Полска, Ирска, Р. Чешка, Бугарија и Шпанија.
2. Преглед на постоечките истражувачки алатки поврзани со релевантната самоефикасност и проценка на знаењето на инклузивните наставници по физичко образование.
3. Развој на алатка за проценка на самоефикасност и знаења која е наменета за наставниците по физичко образование, со акцент на научно засновани стратегии за регулирање на однесувањето кај децата со аутизам.
4. Соработка при креирањето на алатката за истражување.
5. Јазичен превод и културолошка адаптација.
6. Пилотирање.
7. Покана на учесници во истражувањето преку социјалните медиуми и електронска пошта.
8. Јавна достапност на алатката за истражување од април до јуни 2023 година
9. Анализа на резултатите

## Примерок на истражувањето

Вкупно 326 испитаници од седум земји учествуваа во истражувањето. При тоа, 43 испитаници беа од Бугарија, 81 испитаник од Кипар, 63 од Чешка, 27 од Ирска, 67 од Северна Македонија, 32 од Полска и 13 од Шпанија. Сите учесници кои учествуваа во истражувањето изјавија дека предаваат физичко и здравствено образование. Меѓутоа, специфичните називи на работното место се разликуваат и според тоа беа распределени во различни категории, и тоа наставник во училница, асистент на наставник, наставник по

физичко и здравствено образование, професор по специјално образование, тренер, инструктор и директор. Како што е прикажано на слика 1, според пол, испитаниците беа приближно еднакво застапени. Просечната возраст на испитаниците беше 42 години, со опсег од 21 до 66 години.




*Слика 1. Пол на испитаниците*

## Самоефикасност

На почетокот на истражувањето, наставниците по физичко беа запрашани да одговорат на 10 прашања кои сумирани заедно имаа за цел да го оценат нивото на перцепција на самоефикасноста при реализација на инклузивното физичко образование на децата со аутизам.  Највисоката можна оценка за самоефикасност беше 10. На Слика 2 е прикажана аритметичката средина на земјите учеснички во истражувањето по однос на прашањето за самоефикасност, при што сите земји имаат значајни резултати кои во бодови се движат помеѓу 6 и 7.




*Слика 2. Артитметичка средина на самоефикасноста*

## Физиолошка состојба

По оценувањето на самоефикасноста, беа поставени две прашања кои се фокусираа на проценка на чувствата на учесниците (физиолошката состојба) во врска со присуството на ученик со аутизам во нивната училница и на нивниот час (т.е., стрес и нервоза). На скалата од еден до пет, повисоката оценка претставуваше помал интензитет на стрес и нервоза. Слика 3 ги покажува значајните резултати од сите земји учеснички. Резултатите од сите земји учеснички покажаа повисоки нивоа на стрес (претставени со пониски средни вредности) и пониски нивоа на нервоза. Вкупните резултати, покажуваат движење на оценките поблиску до 5, што претставува добар резултат (физиолошка состојби), од кој може да се забележи дека стресот и нервозата на наставниците по физичко образование не влијаат значајно врз инхибирање на инклузијата на децата со аутизам во училницата за физичко образование.




*Слика 3. Физиолошка состојба*

## Предизвици

За да процениме кои предизвици најмногу ги попречуваат наставниците по физичко образование во инклузијата на децата со аутизам во нивната училница, побаравме од испитаниците во истражувањето да оценат 11 вообичаени предизвици. Бодовите најблиску до 5 го претставуваат најголемиот степен на предизвик. Генерално, повеќето одговори беа во опсегот од 2 до 3. Сепак, највисоките оценки беа забележани кај проблемите во однесувањето и големината на класот, а однесувањето при извршувањето на задачите и разликите во вештините следеа веднаш зад нив. Табела 1 ги покажува средните вредности за секое прашање во државите учеснички и комбинираните средни вредности за секое прашање.

*Табела 1. Средни вредности на предизвиците во наставата по физичко образование*

| Предизвици | Бугарија | Кипар | Р. Чешка | Ирска | РС Македонија | Полска | Шпанија | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Модифицирање на задачите** | 2.4 | 2.7 | 3.1 | 2.6 | 2.5 | 2.6 | 3.3 | 2.7 |
| **Задржување на ученикот на задачата** | 2.8 | 3.4 | 3.7 | 3.4 | 2.7 | 3.4 | 2.8 | 3.2 |
| **Проблеми во однесувањето** | 3.1 | 3.4 | 3.8 | 3.2 | 2.8 | 3.4 | 3.6 | 3.3 |
| **Ограничена обука за аутизам** | 2.5 | 3.4 | 3.1 | 3.5 | 3.0 | 2.3 | 2.9 | 3.0 |
| **Недостаток на информации за ученикот** | 2.8 | 3.1 | 2.2 | 2.7 | 2.7 | 2.7 | 2.8 | 2.7 |
| **Недостаток на поддршка** | 2.8 | 3.1 | 2.3 | 3.0 | 2.5 | 3.1 | 2.4 | 2.7 |
| **Различното ниво на вештини на ученикот од соучениците** | 2.8 | 3.2 | 3.7 | 3.6 | 2.8 | 3.3 | 2.8 | 3.2 |
| **Повеќе одделенија во салата** | 3.2 | 2.9 | 2.6 | 3.6 | 3.2 | 3.7 | 2.4 | 3.1 |
| **Големи одделенија** | 3.1 | 3.8 | 3.1 | 3.9 | 2.9 | 3.3 | 4.0 | 3.3 |
| **Недостаток на соодветна опрема** | 2.9 | 3.2 | 3.3 | 3.1 | 3.0 | 3.1 | 3.5 | 3.1 |
| **Недостаток на време за модификации** | 2.4 | 2.6 | 3.1 | 2.7 | 2.1 | 3.0 | 3.5 | 2.7 |

## Практично искуство

Последната главна област што беше оценета беше практичното искуство. Во овој дел од прашалникот, од испитаниците беше побарано да го оценат нивното ниво на подготвеност за примена на специфични емпириски потврдени стратегии за поддршка на децата со аутизам во инклузивна средина. Беа оценети 24 стратегии. Оценките поблиску до 5

претставуваат повисоко ниво на стручност. Поголемиот дел од оценките беа под вредноста 3. Според тоа, повеќето испитаници од земјите учеснички не се сметаат себеси за вешти во спроведувањето на овие специфични стратегии за поддршка на децата со аутизам во училницата за инклузивно физичко образование.

*Табела 2. Средни вредности на нивото на подготвеност за примена на стратегии*

| **Стратегии** | **Бугарија** | **Кипар** | **Р. Чешка** | **Ирска** | **РС Македонија** | **Полска** | **Шпанија** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Правење на модификации на животната средина | 2.3 | 2.7 | 2.6 | 2.4 | 2.3 | 2.3 | 2.5 | 2.5 |
| Визуелна поддршка | 2.6 | 2.9 | 2.9 | 2.2 | 2.5 | 2.1 | 2.7 | 2.6 |
| Распоред на слики | 2.0 | 2.8 | 2.7 | 1.9 | 2.5 | 1.9 | 2.6 | 2.4 |
| Видео моделирање | 2.0 | 2.8 | 2.0 | 1.9 | 2.4 | 1.6 | 2.4 | 2.2 |
| Листи за проверка | 2.4 | 2.5 | 2.1 | 2.2 | 2.6 | 1.7 | 2.9 | 2.3 |
| Токенски економии | 2.9 | 2.5 | 2.5 | 1.5 | 2.1 | 2.0 | 2.8 | 2.3 |
| Социјални приказни | 2.7 | 2.5 | 2.2 | 1.9 | 2.5 | 1.8 | 2.2 | 2.4 |
| Измена на правила/регулирани дозволи | 3.0 | 3.1 | 3.0 | 3.3 | 2.4 | 2.5 | 2.7 | 2.9 |
| Измена на инструкции (на пр., да се вклучат потсетници) | 2.9 | 3.2 | 3.2 | 3.3 | 2.5 | 2.6 | 2.8 | 2.9 |
| Диференцирана настава (на пр., настава на различни нивоа во рамките на истата лекција) | 2.9 | 3.2 | 3.2 | 3.3 | 2.6 | 2.7 | 2.8 | 3.0 |
| Моделирање со врсници | 2.7 | 2.9 | 2.7 | 2.9 | 2.7 | 2.4 | 3.0 | 2.7 |
| Договори за однесување | 2.7 | 2.8 | 2.0 | 2.1 | 2.7 | 2.4 | 2.5 | 2.5 |
| Анализа на задачи | 2.6 | 2.6 | 2.6 | 2.1 | 2.7 | 2.4 | 2.9 | 2.6 |
| Приспособлива опрема | 2.4 | 2.8 | 2.5 | 2.4 | 2.6 | 2.3 | 2.7 | 2.6 |
| Позитивно/негативно поткрепување | 2.6 | 3.4 | 2.7 | 3.1 | 2.6 | 2.8 | 2.8 | 2.9 |
| Специјализирани алатки за комуникација (на пр. знаци, ААК) | 2.5 | 2.5 | 2.5 | 1.8 | 2.1 | 2.0 | 2.4 | 2.3 |
| Специјализирани алатки за оценување (на пр., адаптирана скала за оценување на физичкото образование) | 2.4 | 2.5 | 1.9 | 1.6 | 2.5 | 1.6 | 2.5 | 2.2 |
| Специјализирана програма за адаптирано физичко образование (АФО) / лекции / водичи обезбедени од вашата институција (на пр., EUSAPABO) | 2.3 | 2.5 | 1.9 | 1.7 | 2.4 | 1.5 | 2.0 | 2.2 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Соработка со други професионалци | 2.8 | 3.0 | 2.6 | 3.0 | 2.7 | 2.4 | 3.2 | 2.8 |
| Соработка со родители/ старатели | 2.5 | 3.2 | 3.1 | 2.9 | 2.8 | 2.8 | 3.1 | 2.9 |
| Соработка со ученикот | 2.8 | 3.3 | 2.4 | 3.1 | 3.0 | 3.0 | 3.2 | 2.9 |
| Ангажирање во континуирани активности за професионален развој за адаптирано физичко образование | 2.3 | 2.7 | 2.4 | 2.1 | 2.6 | 2.1 | 2.6 | 2.5 |
| Самоевалуација | 2.7 | 3.1 | 2.7 | 2.8 | 2.8 | 2.8 | 2.9 | 2.9 |
| Адаптации на просторот, задачата, опремата и/или луѓето за да се олесни учеството на деца со различни способности во иста сесија на адаптирана физичка активност/образование | 2.6 | 3.1 | 3.0 | 2.9 | 2.9 | 2.6 | 2.9 | 2.9 |

**Заклучок**

Истражувањето на потребата на наставниците по физичко образование за познавањето и употребата на стратегии за работа со учениците со аутизам се покажа како многу значајно во поставувањето на основа во развојот на алатките за поддршка на учениците со Perfect проектот. Всушност, резултатите покажаа дека не е потребно развој на материјали насочени кон справување со стресот кај наставниците. Исто така, самоефикасноста е на задоволувачко ниво. Понатаму, иако некои предизвици можеат да влијаат врз работата на наставниците на часот, како што е справувањето со предизвиците во однесувањето, крајните резултати покажуваат ниско ниво на загриженост. Ова прелиминарно истражување, спроведено во сите земји-партнери покажа дека обуките и образовните материјали се во голема мера потребни во градење на специфични вештини кај едукаторите.

Според резултатите од истражувањето, потребно е да се создадат алатки кои вклучуваат експлицитни наставни стратегии, систематски упатства во нивните апликации и можности за постојана употреба. Податоците открија дека повеќето стратегии се релативно непознати за наставниците по физичко образование во сите земји. Потребата од обуки вклучува:

- Видео моделирање
- Листи за проверка
- Токенска економија
- Алатки за комуникација
- Специјализирани скали за проценка
- Специјализирани наставни планови

Врз основа на резултатите, воспоставени се целите на проектот PERfect за создавање алатка за проценка, водич за наставата/збирка на цели и планови за лекции кои вклучуваат потврдени стратегии (на пр., видео моделирање, листи за проверка, токенска економија и поддршка за комуникација) кои се усогласени со потребите на регионите во кои беше спроведено истражувањето.